Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
Бр. 02-1995/38
13.11. 2025 год.
Скопје

Врз основа на член 93, став 5 од Статутот на Филозофскиот факултет во Скопје (Универзитетски гласник бр. 463 од 18. X 2019 год.), член 8, став 5 и став 6 од Упатството за спроведување на избори за членови и претседател на Факултетското студентско собрание (Пречистен текст) бр.02-1935/5 од 27.10.2020 година, како и Записникот од гласањето за избор на членови и претседател на Факултетското студентско собрание на Филозофскиот факултет во Скопје, за мандатен период 2025-2026 година, се донесе следната

**ОДЛУКА**
**за избор на Претседател на Факултетското студентско собрание на Филозофскиот факултет за мандатен период 2025/2026**

1. Врз основа на Записникот од гласањето за избор на членови и претседател на Факултетското студентско собрание на Филозофскиот факултет во Скопје, за мандатен период 2025-2026 година бр.02-1995/36 од 13.11.2025 г., за Претседател на Факултетско студентско собрание се избира: **Александар Буцевски, со бр. на индекс 5614/25** од Институтот за психологија (втор циклус)**.**
2. Оваа одлука е конечна и влегува во сила со денот на нејзиното донесување.
3. Одлуката ќе се објави на веб страната и Огласната табла на Факултетот.

**Образложение**

По спроведеното гласање за избор на членови и претседател на Факултетското студентско собрание на Филозофскиот факултет во Скопје, за мандатен период 2025-2026 година кое се одржа на 13.XI.2025 година, Изборната комисија на Филозофскиот факултет-Скопје за спроведување на гласањето за избор на членови и на Претседател на Факултетското студентско собрание на Филозофскиот факултет во Скопје, во состав: Проф. д-р Софија Георгиевска, Доц. д-р Александар Павлески, Анамарија Радуловска, Никола Чаѓановиќ, Бојан Бундалевски член, утврди дека за избор на претседател доставени се вкупен број на гласачки ливчиња според Избирачкиот список 1910. Во гласањето учествувале 119 студенти и пронајдени се 9 неважечки гласачки ливчиња. Земајќи ги предвид само важечките гласачки ливчиња, Изборната комисија констатира дека кандидатите за Претседател на Факултетското студентско собрание на Филозофскиот факултет во Скопје го добија следниот број на гласови: **Александар Буцевски** вкупно 110 гласа.

Изборната комисија на Филозофскиот факултет-Скопје врз основа на резултатите од гласањето за претседател на Факултетското студентско собрание на Филозофскиот факултет во Скопје, донесе одлука како во диспозитивот.

**Претседател на изборна комисија**

Проф. д-р Софија Георгиевска,